Д-р Ферид МУХИЌ

# КУЛТУРНАТА ИНТЕГРАЦИЈА И СОЦИЈАЛНИОТ ПЛУРАЛИЗАМ: МАКЕДОНСКИОТ МОДЕЛ

Темелот на овој текст содржан е во едно априорно уверување: Премногу се губи доколку се прифати заклучокот дека културната историја во целина е безначајна, и дека човештвото, своите сили и своето време, ги поарчило расправајќи залудно, за ништо!

Формулацијата на основната тема коинцидира со ваквиот активистички пристап – барем според моето видување. Да се запази културната диверсификација, а при тоа, да не се урне, или доведе во прашање, општествената интеграција, тоа е целта, колку ургентна, толку и благородна во основната интенција. Впрочем, вака акцентирана, оваа глобална социјална и политичка задача, особено во изминатата деценија, прерасна во централна светска тема.

Оценката на ефектот на тие оркестрирани меѓународни напори, неопходна е и во контекстот на Беконовиот методолошки императив за "vindemiatio prima", како и за проценка на конципирање наредни фази во клучната стратешка цел на човековиот свет: обид за создавање макар малку подобар, поправеден и поблагороден живот за сите луѓе. Оваа оценка треба да биде најнапред практична, со натамошен обид за теориска елаборација.

## Оценка на моделот: „Културниот плурализам и општествената интеграција“ - практичните ефекти

Секаде каде што е применето, односно, каде што е промовирано во најважна задача, дејствувањето според оваа матрица ги обединило и најдобрите намери, и достатни материјални средства и експерти со специјалистички тренинг во потребните дисциплини. Ефектите, меѓутоа, биле поразителни: не постои ниту една држава од поранешниот социјалистички блок, во која овој модел е применет, а во која не се битно влошени општите услови и внатрешната стабилност. Културниот плурализам, навистина е акцентиран и дури, битно понагласен отколку порано; но општествената интеграција насекаде се престорила во **дезинте-**

**грација,** а во низа од овие општества, дури и во жестоки и крвави конфликти!

Каде е причината? „Со добрите намери поплочен е патот до пеколот!" – навистина – но само кога зад тие намери не стојат и доволни капацитети за практична реализација. Во овој случај, меѓутоа, јасно е дека се исполнети нужните предуслови за реализацијата – како материјалните ресурси, така и човечкиот фактор.

Што останува како можност? Само едно – дека целиот концепт е коректен во нагласувањето на основните императиви (**плурализмот**, како вредност што мора да се сочува; **интеграцијата**, како десидератумот "sine qua non" за било кое општество). Сепак, логички е отворена следната можност: дека се **пермутирани акцентите**, така што она што треба да се интегрира, всушност се плурализира, а vice versa – онаа сфера за која е неопходно да се обезбеди плурализацијата, бидува интегрирана!

Со други зборови, во мултикултуралните општества (а такви се сите општества во кои оваа глобална задача се остварува веќе неколку години), инсистирањето врз културниот плурализам, всушност ги интегрирало засебните култури внатре во едно општество, и со тоа правејќи ги ригидни и промовирајќи ги во централни вредности, ги спротивставило взаемно. Нагласувањето на нивната засебност, дури ги спротивставувало до пароксизам и непомирливост. Ова, од своја страна, логично и неизбежно, довело до уривање на комплементарниот концепт на социјалната интеграција. Нагласено дистингвирани, културните модели навлегле во безмилосна компетиција. Нивната апсолутизација, во аксиолошка смисла, им дала алиби за промоција на сопствениот индивидуалитет, при што без двоумење се жртвувала целта што е, всушност, примарна и неопходна – сочувување на општото ментално, територијално и политичко единство!

Така, наместо да одиграат улога на **кохезивен фактор**, плуралистички апострофираните културни модели, станале фактор број 1 во **дезинтеграцијата на општеството**. Конфликтите – таму каде што културните модели влезени во компетиција, задржале одредени практични изгледи за сопствена промоција – односно, доминација – станале неизбежни.

Се разбира, ваквата хипотеза, иако по наше согледување не само коректна, туку и единствено плаузибилна, изискува и одредена аргументациска поткрепа. Еве ја:

## Доминантниот модел во „стабилните“ општества

Синтагмата „стабилно општество“, секако дека е релативно коректна. Стабилноста не е ни хронолошки ни содржински константа во кое и да е општество. Овде се користи за разграничување на оние општества кои, и покрај несомнените парцијални внатрешни спротивности, сепак го сочувале интегративното јадро и не се расцепиле на непомирливи фракции што го доведуваат во прашање, или, дури, уништуваат самиот темел на заедничкиот живот на мултикултурните општества. По оваа основа, очигледно е дека линијата на разграничувањето, грубо, па сепак коректно, ги групира во критична класа, токму оние општества во кои систематски е промовиран моделот „Културниот плурализам – општествената интеграција“.

Се покажува дека не постои никаков вид на детерминираност, особено не каузалност, според која, општествата што ја стимулираат културната плурализација, автоматски ја зацврстуваат социјалната интеграција. Се случува токму спротивното – така што социјалната интеграција се смалува и, набргу, целосно се распаѓа со едновремено парцијално интегрирање во ригидни и непомирливи фракции. Тоа се факти. И тоа се консеквенците на тие факти.

Напротив, стабилните општества, очигледно дека се изградувани врз токму спротивниот принцип. Во нив, формулата гласи: „Културната интеграција – социјалниот плурализам“. Имено, каква варијанта на „културниот плурализам“ е форсирана во САД? Зарем инсистирањето на “American way of life” (“American dream”, “This is America: leave it, or love it!” итн) не е токму и над сé – инсистирање врз **културно хомогенизирање**!? Зарем тој модел не ја промовира во апсолутно примарна токму инстанцата на една заедница која се втемелува врз општоприфатливи, за сите обврзувачки **генерални вредносни матрици** – обединети во единствен и заеднички **културен модел**!?

И зарем подрачјето во кое се реализира онаа исто толку императивна, антрополошки несомнена, потреба од разликување и плурализмот, не се задоволува во еден заграден, а практично отворен и за сите достапен универзум за **социјален плурализам**!? И тоа во еден дијапазон што е практично рамифициран во онолку можности колку што современ човек има потреби и аспирации!?

Може да се анализира пример на која и да е друга „стабилна“ држава: Франција или Британија, Германија или Италија, Скандинавските земји или Австралија, Мексико или Бразил... Во сите овие општества клучната формула е иста: инсистирање врз **културна интеграција** на инаку изразито нехомогено, мултикултурно, полиетничко население, без религиозна униформност, со висок степен на традициска разнородност, и истовремено, средоточување врз отворањето на вентилите што ќе го понудат **социјалниот плурализам**, како подрачје за реализација на потребата од постојана компетиција, но без деструктивните консеквенци на раздвојување, оддалечување и конфронтација во базичните слоеви. Со други зборови, можноста од партиципација, и исходот во компетицијата во социјлно плурален простор, целосно е независна од какви и да е културни, етнички, расни, религиозни и слични – константи. Во ваквиот модел, културниот плурализам не е **експлиците негиран**. Меѓутоа, неговата фактичка ирелевантност за практична социјална компетенција, го враќа во дефанзивна, секундарна сфера за приватна (интимна) самореализација и идентификација. Културниот плурализам, односно, етничката, традициската, религиозната припадност добиваат функција која е психолошки важна, но генерално, социјално небитна. Таа функција се задоволува во кругот на семејството, односно приватноста – а нејзиниот ефект врз општествената стабилност, во крајна линија е кохезивен: токму затоа што постои еден примарен круг на културно единство на целото општество, во кој парцијалните кругови можат да партиципираат, но кој е императивен по својот карактер. Негова порака е – колку и да звучи недемократски – “love it or leave it!”

## Македонскиот модел

Оваа теориска конструкција несомнено е потврдена во сите денес нестабилни, конфронтирани или драстично конфликтни општества. Промовирањето на културниот плурализам во највисока вредност, фактички им оди на рака на идеологиите на десниот екстремизам – појава која што одново се шири во светот и која, директно, стои зад деструкцијата на денес конфронтираните општества. Секој национализам, без исклучок, спаѓа во варијанта на десниот екстремизам, а ништо не го стимулира толку

како социјалното санкционирање на тезата на „културниот плурализам". Повикувањето на „неотуѓивите права" на сопствената култура, не може а да не ескалира (дотолку повеќе што го добило аксиолошкото „абсолво" од имплицитната етичка осуда) во фашизмот. Апстрактните категории на „политичка историја", „културната традиција", „светоста на нацијата", секогаш пристрасно толкувани и безпоговорно застапувани, често се отворено фалсифицирани и безочно непријателски кон која и да е поинаква позиција. Како етноцентрички, тие водат до расизмот и судирот; инсистираат врз манихејска структура на општеството – со сугестија за омраза и уништување на „другиот". Го одбиваат универзализмот од секаков вид. Го промовираат насилството не само во легитимно средство, туку во активен носител на здравјето и силата на народот. Низ митологијата и културниот песимизам, преку херојската опседнатост, деградацијата на хуманизмот, тие ја ползуваат секоја точка на економската или политичката криза и конфликт.

Во социјалниот простор определен како „Македонски модел", нагласено е присутен еден поволен и еден неповолен момент. Поволниот е тоа што идеологиите на десниот екстремизам, иако веќе присутен и на дело во конкретната политичка стварност на Македонија, сепак се далеку од тоа да бидат широко прифатени и особено – суштински интернализирани. Неповолниот, е дотолку понеповолен што **de facto** не зависи од проценката и акциите на македонското општество, односно, политичките репрезенти. Покрај експлицитните економски притисоци – кои Македонија ниту ги предизвика, ниту врз нивното укинување може самостојно да делува! – тука е и имплицитната но постојана и не неверојатна, закана од надворешна агресија.

Културната интеграција на македонското општество (Република Македонија), отсекогаш била толку висока, и сé уште е толку цврста, што прашањето за внатрешната стабилност никогаш не било и сé уште не е: „Дали (Македонците, Албанците, итн.) ќе ги нападнат (Албанците, Македонците, итн.)?" – туку, битно: „Дали едните ќе ги бранат и земат во заштита другите, кога Македонија ќе биде нападната од третите!" Опасноста од подвоеноста по културна, етничка или религиска основа за Македонија сé уште е примарно хипотетска и битно определена од надворешните услови. Само под претпоставка на **експлицитни** и

**недвосмислени гаранции** на меѓународната јавност, на **интегритетот** на Македонија и неповредливоста на нејзините граници од надвор, отпочнатите процеси на раздвојување на нејзините доминантни културни модели, и нивното постапно дистанцирање, можат да бидат запрени. Токму затоа што се и иницирани со можната објективна закана од надворешна агресија. А можните агресори, колку што можат да му одат на рака на еден од доминантно застапените културни, традициски и религиозни обрасци, толку, автоматски, можат да значат закана и неизвесност за оној другиот културен круг. А со тоа, неизвесноста и заемната недоверба директно би се зголемувале.

## Заклучок

До сега, без оглед на девастирачките искуства, моделот „Културен плурализам – општествена интеграција" не ги разнишал темелите на македонското традиционално искуство кое предимство му дава на спротивниот модел – „Културна интеграција, општествен плурализам". Ако во овој момент би дошло до внатрешен конфликт, совеста на жителите на Македонија, сé уште би била чиста: тој конфликт, иако внатрешен, директно би бил иницирран и режиран со околности што се надвор од можноста за контрола на Македонија (со тоа, надвор се и од нејзината вина, во која и да е смисла).

Меѓутоа, наместо неизвесното задоволство од „мирната совест", макар и во случај на пропаста на државата, многу е подобра „будната совест" и јасната свест – а сочувана државата. Товарот на одговорноста паѓа врз оној што е дејствено клучен и објективно најсилен. Значи, врз меѓународната заедница.

Македонија може да го земе, и дури, мора да го земе, на свои плеќи бремето на бистрата глава и цврст карактер. Мора да се разбере дека **темелниот принцип** на опстанокот на секое општество (оти сите општества се во некој степен мултикултурни и мултиетнички и мултирелигиозни) е како да ја зајакне токму **културната интеграција**! Создавање „Македонски културен модел". Тоа е фундаменталниот процес, тоа е стратегијата која води кон конституирање на онаа „екстрасоматска аксиолошка и ментална заедница" која битно ги поврзува сите граѓани на едно општество и од низ **создава граѓани на заедничка држава**! Во

оваа одлука нека ја охрабри не само примерот на сите држави кои се од онаа страна на ваквите јанѕи, туку и нејзината сопствена традиција на високо толерантна заедница на различните култури кои ја решиле равенката на заедничкиот живот во една општа културна интегрираност. Простор за општествен плурализам веќе е создаден – во него нека се натпреваруваат рамноправно сите – како припадници на една **интегрирана културна матрица**, **матрицата на културата на Македонија**. Доминантен кохезивен круг е кругот на културата, во сите оние практично и функционално битни општествени, политички и граѓански аспекти што ја определуваат топографијата и физиономијата на културата на едно општество. **Општествената интеграција**, веќе доволно компромитирана, или барем суспектна, врз проценка на искуството на егалитарните општества, треба да биде напуштена како ориентир и заменета со еластично, разгрането подрачје на **социјален плурализам**.

Врз фонот на конвулзивните, рационално незамисливи етички и хуманистички катастрофи низ кои минува оној дел на светот што се обидел да ја примени шемата на примарноста на културниот плурализам, и што ја платил цената на тоталната деструкција на социјалната интегрираност, прашањето кое мора да се постави не само што не е реторичко, туку е директно епохално: Треба ли да се продолжи по патот на апсолутизација на културниот плурализам и негова промоција во водечки принцип? Дали оваа формула е **превид на епохата**? Или **обмана**? Цената на неговата примена веќе е превисока, на многу места во светот, а особено на Балканот. „Логиката" на неговото ескалирање до конфликт е неизбежна. Краен час е да се избере вистинскиот модел на социјалниот живот, потврден на толку места во светот, па и во искуството на Македонија. Тој модел е: „Културна интеграција и социјален плурализам!"

**Литература:**


1. Frederick H. Hartmann: The Relations of Nations, Macmillan, New York, 1978 (fifth edition)
2. Aron Raymond: Peace and War: A Theory of Interantional Relations, Doubleday, 1966
3. Deutsch Karl: The Analysis of International Relations, Prentice-Hall, 1968
4. Kaplan Morton A. ed. : New Approaches To Interantional Relations, St. Martin's Press, N.Y. 1969

5. Deutsch Karl: Nationalism and Social Comunications, (an Inquiry into the Foundations of Nationalism), The M.I.T. Press, Cambridge, 1962
6. Snyder L.Louis: The Meaning of Nationalism, Rutgers University Press, New Jersey, 1954
7. Howard J. Ehrlich: The Social Psychology of Prejudice, John Wiley and Sons, New York, 1973
9. Хобсбаум Ерик: Нациите и национализмот, Култура, Скопје, 1993
10. Merkl Peter and Leonard Nienberg: Encounters with the Contemporary Radical Right, Boulder Co, Westview, 1993
11. Bernt Hagtvet: Right Wing Extremism in Europe, "Journal of Peace Research", vol. 31, no 3, 1994, pp. 241-242

***Dr. Ferid Muhic***

### *Cultural Integration and Social Pluralism: Macedonian Model*

*Summary*

*Author's approach is basically concerned with strategical validity of the central formula expressed as Cultural Plarilsm and Social Integration. Contrary to the generally accepted opinion, analytical and factographic approach suggests that implementation of this formula is one of the main causes of social instability and desintegration. This is proved to be correct for Macedonian society, too; this text aims to elucidate the roots of incorrect usage of mentioned formula and suggests why it should be replaced in practise and in strategical projection of social life, with the oppositely accented formulation: Cultural Integration and Social Pluralism.*